к09.24

ВЕЧЕР, СКОПЈЕ, 6.06.1994, 9580, 2,



# МУЗЕЈ ЗА ВО МУЗЕЈ!

Пред дваесетина години, кога зградата на Музејот на современа уметност во Скопје се предаде во употреба, беше едно од најрепрезентативните зданија во градот и републиката. Во неговите модерни (за тоа време) изложбени простории многу ликовни уметници, познати и непознати, од дома и од светот, ги презентираа своите уметнички ликовни креации. А, за да се надмине „сивилото" на приодите кон Музејот, повеќемина ликовни уметници без никаков надоместок интервенираа со боја.

Се имаше впечаток дека тоа навистина е место на збиднувања на современи уметнички настани што се паметат. Денес, од таквото здание малку е останато неоштетено, нешто поради недостиг на средства, а нешто и поради несоодветна грижа. Прокиснува покривот (по низа молби и ургенции во тек се поправките) дотраена е инсталацијата, а приодите до Музејот, покажуваат слика на општо материјално „симнивање" на објектот.